Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.11.2008 година, донесе

# ОДЛУКА
## за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Спортска сала за мали спортови, локалитет „Стрчин“ во рамките на комплексот на Студентскиот дом во Битола

Член 1

Со оваа Одлука се врши ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на спортска сала за мали спортови, локалитет „Стрчин“ во рамките на комплексот на Студентскиот дом во Битола, што треба да се гради на КП.бр. 16058/3 КО Битола, согласно Главниот проект со тех.бр. 26-07/2002 во вкупна површина од 1.312,80 м2.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-3482/7
28.11.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска